## Почитувани читатели,

Оваа година се навршуваат 35 години од излегувањето од печат на првиот број на **Гласникот на хемичарите и технолозите на Македонија**, списание кое од 2007 година излегува под ново име, **Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering**. Истовремено, ова е и година на промена на составот на Уредувачкиот одбор и на главниот уредник.

Оваа пригода е добра можност да се осврнеме на значењето што го има *Гласникоӣ* односно *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering* за развојот на научната мисла од областа на хемијата, хемиската технологија, инженерството и сродните области во državава. Издаван од **Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија**, излегува 2 пати годишно, а во него се објавуваат неколку категории научни трудови, стручни трудови, трудови од наставата, како и различни прилози на актуелни теми од областите што ги негува. Сите трудови се рецензираат од надворешни рецензенти од земјава и од странство.

Основоположник на *Гласникоӣ* е академик Бојан Шоптрајанов, на чијашто иницијатива во 1974 година излезе од печат првиот број. Досега списанието има претрпено големи измени. По неколкугодишен застој, во 1990 година тоа е возобновено, кога уредувањето го презема сегашниот претседател на Сојузот, проф. Свето Хаџи Јорданов. Оттогаш наваму квалитетот на *Гласникоӣ* се движи по нагорна линија. Во услови на нерешен финансиски статус, стратегијата Уредувачкиот одбор да се менува на секои 4 години, водејќи притоа сметка за континуитетот на неговата работа, при што мандатот на главниот уредник наизменично се менува меѓу колегите од Технолошко-металуршкиот факултет и од Природно-математичкиот факултет, Институт за хемија, се покажа многу добра. На овој начин ентузијазмот за работа постојано се одржува на добро ниво. Секој од уредниците, академик Глигор Јовановски, професорката Маја Цветковска и професорот Трајче Стафилов, со своите уредувачки одбори оставија белег врз списанието. *Гласникоӣ* почна да излегува редовно два пати годишно, научните трудови сега се печатат само на англиски јазик, со што станавме отворени и достапни за научната јавност надвор од нашата држава, воведени се нови рубрики и содржини, содржината на секој број е ставена на интернет и она што воопшто не е за занемарување, подобрена е и техничката опременост на списанието.

Изминатиот четиригодишен период беше период на значајни промени во издавањето на списанието. На иницијатива на Издавачкиот совет прво дојде до промена на неговото име, а потоа следеа и други промени:

- списанието доби **интернационален Уредувачкиот одбор**,
- во **Издавачкиот совет** се вклучени нови членови,
- направена е сопствена web-страница, **www.mjcce.org.mk,** на која се наоѓаат интегралните текстови на сите трудови објавени од 1990 година до сега,
- списанието е индексирано и трудовите објавени во него ги има во базите на **Thomson Reuters,** и тоа Science Citation Index Expanded (SciSearch®), Chemistry Citation Index® и Journal Citation Report/ Science Edition,
- списанието е вклучено во базите **EBSCO** и **SCOPUS,**
- објавените трудовите станаа во целост достапни преку **Directory of Open Access Journals**, базата **Institute** и други.

Заедно со веќе постоечкото реферирање на трудовите во **Chemical Abstracts**, може да се каже дека *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering* стана достапен до пошироката научноистражувачка и академска средина, а со тоа е и на добар пат за исполнување на условите за добивање импакт-фактор.

Во последниве четири години од печат излегоа 8 броја со вкупно 74 труда и разновидни прилози. Од трудовите 3 беа ревијални, 49 оригинални научни трудови, 10 куси соопштенија, 8 стручни и 4 труда од наставата. 32 труда беа подготвени од домашни автори, 36 од странски, а во 6 труда покрај авторите од Република Македонија беа вклучени и нивни колеги од странство. Значително порасна бројот на автори од други земји, меѓу кои најбројни беа оние од Европа, но имаше и од Африка, Азија и САД, што јасно зборува за интернационализацијата на списанието.

На крај, од името на целиот Уредувачки одбор им се заблагодарам на авторите кои објавуваа во *Гласникот на хемичарите и технолозите на Македонија* и во *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering*, на рецензентите чијашто работа, како и онаа на членовите на Уредувачкиот одбор и на Издавачкиот совет е волонтерска, на луѓето одговорни за техничкото обликување, лектурата, како и коректурата, како и на спонзорите без чијашто финансиска поддршка не ќе беше возможно сѐ ова да се реализира. На новиот Уредувачки одбор и на главниот уредник им пожелувам подобри услови за работа и да продолжат со унапредување на списанието.

Јуни 2009

Елеонора Винкелхаузен,
главен уредник

## Dear readers,

This year marks the 35th anniversary of the first published issue of the **Bulletin of the Chemists and Technologists of Macedonia**, a journal which, beginning with the year 2007 is published under a new name **Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering.** Additionally, this is a year when the journal will be edited by a new Editorial Board.

This is a good occasion to have a look at the impact of the *Bulletin* / *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering* on the advancement and dissemination of knowledge concerning chemistry, chemical technology, engineering and related areas in the country. The journal is published by the **Society of the Chemists and Technologists of Macedonia** and has two issues per year. It publishes reviews, original scientific papers, short communications, professional and educational papers, miscellaneous information and advertisements. The manuscripts are peer-reviewed by two independent referees either from the country or abroad.

The founder of the Bulletin is the academician Bojan Šoptrajanov. In 1974 he initiated the publication of the first issue, and since then, the journal has undergone significant changes. After a few years of suspension in the 1980's, in 1990 the journal was renewed by the current president of the Society of the Chemists and Technologists of Macedonia, Prof. Svetomir Hadži Jordanov. Ever since, every editorial board is continuously improving the quality of the Bulletin. Each of the subsequent Editors-in-Chief, the academician Gligor Jovanovski, Prof. Maja Cvetkovska and Prof. Trajče Stafilov, together with the Editorial Boards, have left their marks. Every fourth year, a new Editor-in-Chief and Editorial Board is elected. The Editors-in-Chief are alternately assigned from the Faculty of Technology and Metallurgy and the Faculty of Natural Sciences and Mathematics, Institute of Chemistry. This strategy proved to be beneficial because the enthusiasm of the Editorial Board members has been kept at a good level. Thus, the Bulletin was regularly published twice a year, the scientific papers were published only in English, new sections were introduced, the content of the issues was placed on internet, and last but not least, the technical design of the journal improved.

The last four-year period was a period of huge changes. First, as suggested by the Advisory Board, the journal changed its name, followed by:

- establishment of an **International Editorial Board,**
- addition of new members in the **Advisory Board**,
- setting up a web site **www.mjcce.org.mk** with the integral texts of all papers published since 1990,
- Thomson Scientific indexed and abstracted the journal in Science Citation Index Expanded (SciSearch®), Chemistry Citation Index® and Journal Citation Report/ Science Edition,
- the journal is indexed and abstracted in **EBSCO** and **SCOPUS,**
- the published papers are available through the **Directory of Open Access Journals**, **Intitute** etc.

Together with the already existing abstracting in the **Chemical Abstracts**, the *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering* became available to the broader scientific and academic research community.

During the last four years, 8 issues of the journal were published with a total of 74 papers and a number of various contributions. Of the published papers, 3 were reviews, 49 original scientific papers, 10 short communications, 8 professional and 4 educational papers. The authors of 32 papers were from the Republic of Macedonia, 36 papers were from authors from abroad, and 6 papers were jointly prepared. The number of authors from other countries significantly increased. The majority come from Europe but there were also authors from Africa, Asia and the USA, which undeniably indicates the internationalization of the journal.

At the end, on behalf of the Editorial Board, I would like to express our gratitude to the authors who published in the *Bulletin of the Chemists and Technologists of Macedonia* and in the *Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering*, to the reviewers, whose work, as well as the work of the members of the Editorial Board and the Advisory Board is voluntary, to the individuals responsible for the technical editing, language advisors and proof-readers, and to the sponsors who financially supported the publication of the journal. To the new Editorial Board, we wish a lot of success, better working environment, continued publication of the journal.

June 2009

Eleonora Winkelhausen
Editor-in-Chief